Дирекција за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки

Бр. **16 – 31955/1**

Скопје, 17.10.2019 година

**До**
**сите банки**
**- на внимание на Управниот одбор**

**Предмет:** Барање за доставување податоци

Почитувани,

За потребите на редовните анализи на банкарскиот систем, ве молиме да ги доставите следниве податоци:

1. Структура на кредитната изложеност кон физички лица според одделни кредитни производи и според висината на месечните примања, со состојба на 30.9.2019 година (образец бр. 1);

2. Преглед на изворите на финансирање на банката од матичните субјекти, вклучително и поврзаните лица со нив, со состојба на 30.9.2019 година (образец бр. 2);

3. Податоци за износот на отпишаните побарувања и наплатените отпишани побарувања од физички лица, нефинансиски правни лица и останати нефинансиски лица, во третиот квартал од 2019 година (образец бр. 3);

4. Фреквенција на промена на каматните стапки на депозитите на физички лица во третиот квартал од 2019 година (образец бр. 4).

5. Податоци за износот и бројот на станбените кредити одобрени на физички лица, коишто користат субвенционирање на станбен кредит, согласно Законот за субвенционирање на станбен кредит (“Службен весник на Република Македонија” бр. 158/11, 24/13, 43/14, 109/14 и 6/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19). Прашањето го одговараат банките коишто согласно погоренаведениот закон склучиле договор со Министерството за финансии за одобрување на субвенционирани станбени кредити под услови и на начин утврдени со овој закон (образец бр. 5).

Ве молиме да ги доставите овие податоци до Дирекцијата за финансиска стабилност, банкарска регулатива и решавање банки по електронски пат на GeorgievskiM@nbrm.mk, најдоцна до 1.11.2019 година.

Обрасците доставени во прилог на овој допис можете да ги преземете од интернет-страницата на Народната банка на Република Северна Македонија, во делот Супервизија/Извештаи, показатели, презентации и обрасци/Обрасци/Обрасци за банки.

За евентуални прашања при подготвувањето на бараните податоци, обратете се до Драгица Тасевска (тел.: 3108 355), Елена Мучева Михајловска (тел.: 3108 128) или Маја Илиевска (тел.: 3108 292).

Со почит,

Директор
Наташа Андреева

______________________